Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со потточка 6.2 од Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2023 („Службен гласник на Град Скопје“ број 18/22), на предлог на Комисијата за спроведување на постапка за стипендирање на средношколци со попречености од средните училишта на Град Скопје за учебната 2023/2024 бр.25-11866/2 од 21.11.2023 година, на ден ___.___.2023 година Градоначалникот на Град Скопје го донесе следното:

# **Р Е Ш Е Н И Е**

за доделување на стипендија на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје за учебната 2023/2024 година

1. Врз основа на објавен Јавен повик за доделување стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје за учебната 2023/2024 година, објавен на ден 16.10.2023 година, согласно Правилникот за доделување стипендии на средношколци со попречености, ученици на средни училишта на Град Скопје за учебна 2023/2024 година бр.08-9957/1 од 29.09.2023 година, од Буџетот на Град Скопје Н2 програма за средно образование, ставка 464, стипендии се доделуваат на:

| **Ред бр.** | **Име и презиме на апликант** | **Средно училиште и година на апликантот** | **Освоени бодови според постигнат успех** |
|---|---|---|---|
| 1 | Антонија Оносимоска | Георги Димитров, четврта година | 100 |
| 2 | Алексеј Трајанов | Панче Арсовски, четврта година | 100 |
| 3 | Марко Симјаноски | Панче Арсовски, втора година | 70 |
| 4 | Зоки Спасовски | Владо Тасевски, прва година | 70 |
| 5 | Владко Кекеновски | Владо Тасевски, прва година | 70 |
| 6 | Марко Николов | Владо Тасевски, втора година | 70 |
| 7 | Јован Ѓорѓиевски | Владо Тасевски, четврта година | 70 |
| 8 | Азем Аземи | Цветан Димов, четврта година | 60 |

2. Висината на стипендијата која Град Скопје ја доделува на средношколците со попреченост, ученици во средните училишта на Град Скопје изнесува 3.000 (триилјадиденари) денари, месечен нето износ во времетраење од 9 месеци, а се однесува на учебната 2023/2024 година. Обврската за пресметка и плаќање на данок на личен доход е на Град Скопје.

3. Се задолжува Секторот за образование да изготви договори за доделување на стипендии за средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје, за учебната 2023/2024 година, за средношколците од табелата во точка 1 од ова Решение.

4. Исплатата на стипендијата ќе ја врши Град Скопје на трансакциска сметка на корисникот на стипендијата (родител/старател/друго овластено лице) доставена од апликантот.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 08-11866/3
27-11-2023 2023 година
Скопје

Градоначалник на Град Скопје
Данела Арсовска